# КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА И ПОФАЛЕНИ УЧЕНИЦИ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Согласно член 75 став 3 од Законот за основното образование (Службен весник на РСМ бр.161/2019 бр. 229/20 и бр.03/25 година) и Правилникот за номинирање, избор и прогласување на ученик- првенец на генерација и пофалени ученици, Комисијата за избор на ученик-првенец на генерација и пофалени ученици при ООУ „Илинден“, Крива Паланка за учебната 2025/2026 година распишува

## ИНТЕРЕН КОНКУРС

## за првенец на генерација и пофалени ученици во учебната 2025/2026 година

Право на учество имаат сите ученици од деветто одделение при ООУ „ Илинден“ Крива Паланка кои ги исполнуваат следниве критериуми:

- **Кандидатот да постигнувал одличен успех на крајот на секоја наставна година од IV до IX одделение;**
- **Кандидатот да бил оценет со примерно поведение на крајот секоја наставна година од IV до IX одделение;**
- **Да има учествувано на натпревари (училишни, општински, регионални, државни, меѓународни);**
- **Да имаат освоено награди, дипломи, признанија, благодарници;**
- **Да не бил казнуван со педагошка мерка од било кој вид во текот на школувањето во училиштето;**
- **Вкупниот број на неоправдани изостаноци во текот на годината да не биде поголем од 3 (за секоја учебна година поодделно);**
- **Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес за учество во активности, промоции и проекти за унапредување на училиштето.**

Номинацијата на кандидати за ученик на генерација и пофалени ученици се врши во рамките на секоја паралелка од IX одделение. Самиот чин, номинирање на ученик за кандидат за првенец на генерација и пофалени ученици може да произлезе од:

- **одделенската заедница, одделенскиот раководител;**
- **предметен наставник, кој изведува настава во таа паралелка;**
- **стручен соработник во училиштето;**
- **ученикот може сам да се кандидира.**

Кандидатите за ученик-првенец на генерација и пофалени ученици потребните документи треба да ги достават од 27 април до 6 мај 2026 година, до Комисијата за избор.

Доказите/документите што учениците- кандидати за ученик на генерација и пофалени ученици треба да ги доставaт се:

- **Пријава до Комисијата;**
- **Копија од свидетелства од IV до IX одделение;**
- **Копија од дипломи, пофалници**

ООУ „ИЛИНДЕН“ Крива Паланка
в.д. Директор
Снежана Златковска

15.4.2026 година
Крива Паланка